


# КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола






**Локација:**

- Индустриска зона „Жабени“ - Битола

**Дејност:**

- Производство на кабелски инсталации за автомобилската индустрија

**Почеток со работа:**

- Март 2012

**Активни проекти:**

- Mercedes – Vito & V-Class
- Audi – A4
- Mercedes – Sprinter

**Вкупна површина** 46 523 m$^2$

| | |
|---|---|
| Производство | 39 828 m$^2$ |
| Социјални простории | 3 347 m$^2$ |
| Канцеларии | 2 604 m$^2$ |
| Технички простории | 744 m$^2$ |

**Вкупен број на вработени**
**на 11.03.2021 5151**

| | |
|---|---|
| Директни | 4170 |
| Индиректни | 777 |
| Администрација | 204 |



**КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола** како компанија е исклучиво посветена на обезбедување на здрави и безбедни работни места и зачувување на здравјето на своите вработени преку почитување на целосната законска регулатива во државата и интернационалните стандарди за хармонизирано работење и континуирано подобрување во секој поглед на работењето меѓу што и безбедноста при работа на вработените.

Законските барања за обуки на вработените за БЗР, прва помош и заштита од пожари, редовното испитување на работната средина и опремата за работа, медицинските прегледи на вработените, планирањето на мерки за подобрување на безбедноста се спроведуваат континуирано и без резерва.

Можеме дефинитивно да се сложиме дека изминатата 2020та година гледано од секоја перспектива беше најнеизвесна и најпредизвикувачка досега. Кога би направиле рекапитулација на изминатата 2020 година со сигурност може да се заклучи дека таа помина во знакот на Ковид-19 иако од гледна точка на безбедност и здравје на вработените, континуираното подобрување секогаш е приоритетна цел кон која се стремиме.

Во пресрет на пандемијата предизвикана од Ковид-19 компанијата реши цврсто да ги постави одбранбените механизми и да се справува со настанатата ситуација безкомпромисно. За таа цел беше организиран специјален тим составен од повеќе од 200 вработени коишто беа специјално обучени за својата улога во справувањето со коронавирусот и беше воведена нова процедура за спроведување на превентивните мерки за заштита од коронаворусот којашто секојдневно се почитува од сите вработени во компанијата, нашите надворешни соработници и сите посетители.

# Превентивни мерки за заштита од корона вирус (1/2):

- Дополнување на проценката на ризик на сите работни места со дел за заштита од заразни болести
- Комплетна дезинфекција на производствениот погон и административната зграда од овластена институција и дезинфекција со посебна постапка на озонирање
- Поставени визуелизации за потсетување на вработените за мерките за одржување на лична хигиена:
- Поставени сталажи со средство за дезинфекција на рацете на прометните места во фабриката и сунѓер со дезинфекционо средство на влезовите од фабриката
- Поставени визуелизации за држење на растојание од 1,5 метри при редење во редица
- Поставен пункт за дезинфицирање со распрскување на возила при влез во компанијата
- Набавени се бесконтактни топломери за мерење на телесна температура за мерење во автобуси и во фабриката во тек на работното време
- Набавени статични безконтактни инфраред термометри за мерење телесна температура при влез во фабриката на вработените и посетителите
- Кујната и кантината се дезинфицирани и санитизирани
- Кантината и кујната се заградени со цел да нема контакт и можност за инфекција преку допир
- Поставени се паравани во кантината за да нема можност за инфекција меѓу вработените
- Храната се послужува во пакувања за една употреба заедно со прибор за една употреба

# Превентивни мерки за заштита од корона вирус (2/2):

- Температурата на вработените ќе се мери дополнително неколку пати и во текот на работното време
- Сите вработени се телефонски контактирани за да се соберат податоци за нивната моментална здравствена состојба и дали биле во контакт со некој од странство
- Обука како се постапува во случај на симптоми
- Автобусите се дезинфицирани и санитизирани како и се поставени посебни филтри за вентилација
- Откажани се сите посети од страна на надворешни посетители
- Движењето на возачите на камиони од надворешните соработници е ограничено
- Одржувањето на хигиената во и надвор од погонот е модифицирано според ситуацијата
- Донирана е заштитна опрема во болницата во Битола
- Набавени се вакцини за сезонски грип за своите вработени од страна на компанијата за зајакнување на имунитетот на ризичните групи на вработени
- Воведени се брзи тестови за Ковид-19 во рамките на компанијата
- Се одржува постојана комуникација со амбулантата и здравствените власти
- Набавени се машини за дезинфекција кои ќе се користат во производствениот погон при промена на секоја смена
- Посебен режим на користење на местата за пушење и соблекувалните
- Контрола во текот на секоја смена за почитување на мерките од страна на специјалниот тим
- Сите вработени се информирани да ги следат препораките од Владата и се советуваат да избегнуваат социјални контакти надвор од работа

# Листа на материјали



**Бесконтактен топломер**
Мерење на телесна температура при влез на вработени во автобусите / комбињата



**70% алкохолен дезинфициенс**
Дезинфекција на раце




**Дезинфициенс (микс од алкохол и хлор)**
Дезинфекција на јавни и работни површини



**Медицинска трослојна маска (повеќекратна употреба)**
Сите вработени и обезбедувањето



**Медицински ракавици (еднократни)**
Хигиеничари, Обезбедување, Магацини, Царина



**Заштитни комбинезони**
Обезбедување, БЗПР




**Сад за распрскување**
Дезинфекција на канцеларии



**Корпа за отпад од ракавици**
Отстранување на еднократните ракавици по употреба

# Тек на еден работен ден на вработен во КШМК во чекори по фази:

**Фаза 1 – пристигање до работното место**

**Фаза 3 – заминување од работно место**



## Фаза 2 – користење на паузи (пауза за оброк)



Миење раце




Дезинфекција раце



Во линија на 1,5 м растојание



Оброк во пакување за една употреба



Седење „сам по сам“ принцип

## Фаза 2 – користење на паузи (мала пауза)



Миење раце




Дезинфекција раце



Во зоната за пауза на 1,5 м растојание



Дезинфекција раце

## Дополнителни превентивни мерки кои редовно се спроведуваат при промена на смени:

- Дезинфекција на:
  - главните коридори низ погонот, вратите и паркингот за автобусите
  - автобусите после секоја извозена тура
  - соблекувалните
  - ротирачките врати низ кои влегуваат вработените
  - канцелариите (бироа и под)
  - пушачките зони
  - кантините
  - работните места



## Во случај на појавени симптоми кај вработен:

- Вработениот се упатува во една од собите за изолација
- Медицинскиот персонал повторно мери температура со живин топломер
- Посебно обучен медицински персонал спроведува брз корона тест
- Вработениот се транспортира до домот со специјално возило, додека возачот мора да носи скафандер, ракавици, маска и заштитни очила
- Вработениот се советува да се јави кај матичен лекар за понатамошни инструкции

